**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за планирање и уредување на просторот**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот**

# П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка

Скопје, април 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка

### Член 1

Во Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка („Службен Гласник на Град Скопје број 11/23“), во член 2 став 2 зборовите „и 2025„ се заменуваат со зборовите „2025, 2026 и 2027„.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2025 година
Скопје

НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, а со член 14 од истиот закон, утврдено е дека во вршење на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат. Согласно член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општина Сарај како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Изменувањето на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка („Службен Гласник на Град Скопје број 11/23“), е потребно поради промена на околностите и потребите на Град Скопје, поради што средствата од програмата ЈДА наменети за остварување на оваа меѓуопштинска соработка беа намалени и пренаменети за итни приоритети, па од тие причини градежните работи на оваа улица сеуште не се започнати. За реализирање на оваа меѓуопштинска соработка потребно е да се продолжи рокот на горенаведената Одлука.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Сарај за реконструкција на општински пат во населено место Долна Матка

.